Врз основа на член 85, став (4) од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021 и бр. 58/2024), член 127, став 2 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019) и член 5 од Одлуката за трансформација на Непрофитната радиодифузна организациона единица Универзитетско радио „Студент ФМ 92,9“ во иновативен Универзитетски комуникациски центар на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 02-331/6 од 21.2.2025 година, Ректорската управа, на 302. седница одржана на 23.6.2025 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# за работата на Универзитетскиот комуникациски центар на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

## I. Општи одредби

### Член 1

Со Правилникот за работата на Универзитетскиот комуникациски центар на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во натамошниот текст: Правилникот), се уредуваат организирањето на дејноста, начинот и организацијата на работа, просторните услови, управувањето, раководењето, начинот на вршењето стручни, административни и технички работи и други прашања за остварување на дејноста на Универзитетскиот комуникациски центар при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во натамошниот текст: Центарот).

### Член 2

(1) Центарот е внатрешна организациона единица на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во натамошниот текст: Универзитетот), без својство на правно лице.

(2) Центарот е формиран со Одлука за трансформација на Непрофитната радиодифузна организациона единица Универзитетско радио „Студент ФМ 92,2“ во Универзитетски комуникациски центар на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, донесена од Универзитетскиот сенат на 18. седница одржана на 28.2.2025 година.

### Член 3

Центарот работи под назив: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетски комуникациски центар.

## II. Дејност на Центарот

### Член 4

Центарот:

- овозможува континуитет на традицијата за постоење на универзитетски и студентски медиум;
- ги следи трендовите во информациско-комуникациската сфера и модернизација на медиумскиот простор, кој бара нови начини за рефлектирање на интересите на студентите, како и целата академска заедница;
- го поттикнува студентскиот глас, развива креативност и обезбедува практично искуство, со цел одржување на имиџот на Универзитетот и неговите единици во јавноста, како релевантен и влијателен медиум на Универзитетот – на студентите и на целата академска заедница;
- информира, едуцира, забавува, како и ги промовира универзалните човечки вредности и вредностите на Универзитетот;
- се грижи за континуирано подобрување на видливоста и препознатливоста на Универзитетот;
- се грижи за интересите на студентите и академската заедница и влијае кон позитивни промени, креативност, почитување на различностите и тимска работа.

## III. Начин и организација на работа

***Менаџирање на сметки/профили на Универзитетот***

### Член 5

Менаџирањето на сметките/профилите на Универзитетот (Facebook, Instagram,

Linkedin), како и објавувањето содржини на веб-страницата на Универзитетот, е во надлежност на лицето задолжено за односи со јавноста на Универзитетот.

***Годишна програма***

**Член 6**

(1) Центарот изготвува годишна програма, која може да биде променлива.

(2) Годишната програма од став (1) на овој член се донесува од страна на ректорот на Универзитетот.

(3) Годишната програма и темите за реализација на годишната програма ќе бидат во координација со лицето задолжено за односи со јавноста на Универзитетот.

(4) Врз основа на годишната програма, Центарот изработува план за работа.

**Член 7**

Во рамките на својата дејност, Центарот ги има следниве цели и активности:

- информирање и комуникација со јавноста, особено на студентите;
- зајакнување на комуникацијата на академската заедница, односно на студентите и потенцијалните студенти, вработените, алумните, медиумите и други партнери или институции;
- развивање на брендот на Универзитетот, односно одржување на силен универзитетски идентитет, како на национално, така и на меѓународно ниво;
- креирање на ефективни стратегии за управување со кризи и за брзо и јасно информирање на јавноста, или таканаречена *кризна комуникација*;
- објавување информативни содржини со цел зајакнување на видливоста на општествената одговорност на Универзитетот;
- соработка со медиумите и пошироката јавност;
- развивање на медиумска писменост за критички пристап кон разни медиумски содржини и информации.

**Член 8**

(1) Ректорот определува главен и одговорен уредник за реализација на програмата од член 6 и целите и активностите од член 7 на овој правилник.

(2) Мандатот на главниот и одговорен уредник е 2 години, со право на повторни избори.

(3) На предлог на главниот и одговорен уредник, ректорот може да назначи технички уредници, соработници и други лица.

**IV. Просторни услови**

**Член 9**

Канцелариите на Центарот се просториите на Непрофитната радиодифузна организациона единица Универзитетско радио „Студент ФМ 92,9“ на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кои се адаптираат во согласност со потребите на Центарот.

**Член 10**

(1) Медиумските продукти на Центарот (фотостории, видеоприлози, подкасти, мултимедијални статии и сл.) ќе се продуцираат со опремата и во соработка со Центарот за медиумски иновации на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

(2) За начинот и условите за користење на опремата во студиото ќе биде изготвен Протокол за работа.

**V. Стручни, административни работи и други прашања**

**Член 11**

Единиците се должни да го известуваат Центарот за настаните кои им претстојат, а Центарот ќе испраќа соодветен број на лица на настаните на единиците, со цел подготвување на соодветен прилог/материјал за конкретниот настан.

**Член 12**

(1) Единиците имаат унифицирани веб-страници.

(2) Единиците определуваат лица за точно и навремено ажурирање на своите веб-страници.

**VI. Преодни и завршни одредби**

**Член 13**

Рокот за унифицирање на веб-страниците на единиците и определување на лица задолжени за веб-страниците на единиците е 1 (една) година од денот на објавување на овој правилник во *Универзитетски гласник.*

**Член 14**

(1) За сè што не е предвидено со овој правилник, ќе се применуваат општите акти на Универзитетот и другите прописи што ја регулираат оваа материја.

(2) Измени и дополнувања на овој правилник се вршат на начин и во постапка предвидена за неговото донесување.

(3) Толкување на одредбите на овој правилник дава Ректорската управа на Универзитетот.

**Член 15**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во *Универзитетски гласник.*

**Р е к т о р**
**Проф. д-р Биљана Ангелова, с.р.**

Врз основа на член 103, став 1, точка 2 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) и дел III, точка 2 од Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2025/2026 година, Ректорската управа на Универзитетот, на 302. седница одржана на 23.6.2025 година, донесе

## О Д Л У К А
## за формирање Универзитетска конкурсна комисија

**Член 1**

На Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се формира Универзитетска конкурсна комисија во следниов состав:

1. **проф. д-р Соња Топузовска, проректор за настава, претседател**

Членови:

2. **проф. д-р Даниела Мамучевска, Економски факултет – Скопје;**
3. **проф. д-р Елизабета Томевска Илиевска, Филозофски факултет – Скопје;**
4. **проф. д-р Јасмина Чаловска, Машински факултет – Скопје;**
5. **проф. д-р Бети Зафирова, Медицински факултет – Скопје;**
6. **проф. д-р Јованка Лазаревска, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје;**
7. **проф. д-р Јасмина Тониќ Рибарска, Фармацевтски факултет – Скопје;**
8. **проф. д-р Ивана Јанеска Стаменковска, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје;**
9. **доц. м-р Ангелчо Илиевски, Факултет за драмски уметности – Скопје;**
10. **Матеј Александровски, студент.**

**Член 2**

Универзитетската конкурсна комисија ја следи реализацијата на запишувањето студенти во прва година во учебната 2025/2026 година и ги врши работите утврдени во Конкурсот и во Упатството за реализација на Конкурсот.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Р е к т о р**
**Проф. д-р Биљана Ангелова, с.р.**

Врз основа на член 103, став 1, точка 2 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) и дел III, точка 2 од Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2025/2026 година, Ректорската управа на Универзитетот, на 303. е-седница одржана на 8.7.2025 година, донесе